multicultural health communication

NSW GOVERNMENT Health

Macedonian
[DOH-7095]

# Инфекција со вирусот “барма форест”

## Barmah Forest virus infection

### Што е тоа “барма форест” вирус?

- Вирусот “барма форест” е бацил што може да ги инфицира луѓето ако ги касне комарец.
- Ако сте имале вирусна инфекција со вирусот “барма форест”, тоа може да има заштитен ефект од патолошки инфекции.
- Вирусот “барма форест” е во родство со вирусот “рос ривер” (Ross River virus).

### Како се пренесува вирусот “барма форест”?

- Вирусот се пренесува преку одредени типови на комарци–женки.
- Женките комарци се хранат каснувајќи животни и луѓе. Ако каснале животно кое што било инфицирано, постои голема можност и комарецот да се инфицира. Потоа вирусот може да се пренесе на други животни или на луѓе кога инфицираниот комарец ќе ги касне со цел да се нахрани.
- Животните, како кенгури и волаби (мали кенгури), се смета дека се главните животни што се дел од тој циклус на инфекција.
- Вирусот не се пренесува од еден човек на друг.

### Кои се симптомите на инфекцијата со вирусот “барма форест”?

- Многу луѓе заразени од овој вирус нема да имаат никакви симптоми.
- Симптомите на инфекцијата со вирусот “барма форест” се слични со оние на инфекцијата од вирусот “рос ривер”.
- Може да дојде до сиптоми слични на грип, со температура, треска, главобола и виење и болки во мускулите и зглобовите.
- Кај некои луѓе може да се појави оток и вкочанетост на зглобовите, кое е понагласено наутро.
- Понекогаш се појавува осип, најчесто на телото или на рацете и нозете. Овој осип обично се повлекува после 7 до 10 дена.
- Понекогаш може да дојде до чувство на замореност или слабост додека трае болеста, што може да се одрази и на животниот стил и на способноста за работење.

### После колку време се јавуваат симптомите откако ќе ве касне инфициран комарец?

- Симптомите се појавуваат помеѓу 5–21 ден, но најчесто помеѓу 7–10 дена откако ќе ве касне инфициран комарец.

### Колку долго трае болеста?

- Најголем дел од луѓето сосема ќе заздрават во рок од неколку недели. Други може да имаат симптоми од време на време во траење

## Further information – Public Health Units in NSW

**1300 066 055** www.health.nsw.gov.au